Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-717/1 од 14.08.2024 година.

**Образложение**

На 14.08.2024 година [redacted], до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-717/1 од 14.08.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

"Како имател на бараната информација се обраќам до вас во законски предвидениот рок да ми го доставите одговорот што му го испративте на лицето Томе Мирчевски од Битола на претставката која тој ја поднесе до Инспекциски совет против Државните просветни инспектори Гордан Трифуновски и Илија Илиевски, а во врска со Записникот бр.ИП1 09-33 од 10.03.2023 год."

Во предметното Барање, барателот навел бараната информација да му се достави по пошта и во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted].

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Копија од Одговор на претставка, арх.бр УПП 16-211/2023 од 05.10.2023 година

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор